**Годинава во Република Македонија, преку најразлични манифестации и научни собири, се одбележува 1.100-годишнината од упокојувањето на Свети Наум Чудотворецот.**

- Во одбележувањето се вклучени најразлични државни, високообразовни и научни институции, Македонската православна црква и други субјекти, што покажува дека како држава, како народ, како граѓани, знаеме да го почитуваме, да го чуваме и надградуваме нашето историско и културно наследство, истакна претседателот на Собранието на Република Македонија Трајко Вељаноски на отварањето на дводневниот Меѓународен симпозиум што по повод одбележувањето на годишнината од упокојувањето на големиот Свети Наум Охридски се одржува во Охрид.



Вељаноски подвлече дека за животот и делото на Свети Наум Чудотворец, како што го именува народот, денес имаме многу богата научна литература зад која стојат имиња на научници и академици, не само од Република Македонија, туку и од Балканот, но и многу други европски држави. Исто така, многу научници и истражувачи истакнуваат дека делото и животот на Свети Наум сѐ уште се предизвик за многу сериозни научни истражувања. Тој изрази верување дека токму сега, кога се одбележува 11 века од неговото упокојување ова ќе биде дополнителен мотив, пред сѐ за младите, да продолжат да го истражуваат неговото дело и да создадат нови научни дела и потсети оти Свети Наум и неговото дело биле инспирација и мотив за многу книжевни дела, пред сѐ на македонските писатели.

- Ова е доказ дека пред 11 века Македонија била значаен верски, духовен и просветителски центар, од кој во тогашниот, христијански свет се ширеле многу духовни и културни вредности. Македонскиот народ и другите етнички заедници кои денес живеат во Република Македонија, може да се пофалат дека на овој простор живееле и создавале великани како што се Светите Браќа Кирил и Методи, Свети Наум и Свети Климент, рече тој.

